# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и деветтата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 29.06.2026 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и деветтата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Беким Лачи, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски и Владимир Палашевски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Правен консултатнт Југослав Ѓорѓиевски.***

Четириесет и деветтата седница на Програмскиот совет започна во 13:10 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и деветтата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 47-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 47-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и седмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува Предлог-правилникот за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, доставен до Програмскиот совет од страна на директорот на МРТ.

Како и кај сите општи акти од надлежност на Програмскиот совет, и овој Правилник се разгледува во рамките на законските и статутарните овластувања кои ги има Програмскиот совет на МРТ. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, општите акти се донесуваат по предлог на директорот, а Програмскиот совет има обврска да ги разгледа, да отвори расправа и да донесе одлука, водејќи сметка за нивната законитост, усогласеност, применливост и придонес кон транспарентното, професионално и одговорно функционирање на јавниот радиодифузен сервис.

Предложениот Правилник воспоставува јасна процедура за прием, евиденција и користење на донации и спонзорства, ги утврдува надлежностите на организациските единици во постапката, воспоставува механизми за заштита на јавниот интерес, уредувачката независност и спречување на судир на интереси, како и мерки за поголема отчетност и транспарентност во работењето.

Во изминатиот период текстот беше предмет на повеќе работни усогласувања. Воедно, и членовите на Програмскиот совет доставија свои предлози за измени и дополнувања со цел дополнително подобрување на текстот. Дел од тие предлози веќе се содржани во верзијата која денес се разгледува, додека останатите ќе бидат предмет на денешната расправа и одлучување на Советот.

Воедно, Претседателот на Програмскиот совет ги информираше присутните дека на седницата присуствува правниот експерт Југослав Ѓорѓиевски, со цел, доколку во текот на расправата се појават правни дилеми или прашања поврзани со законската усогласеност на предложените решенија, да даде соодветни правни појаснувања.

Со цел сите членови на Советот да имаат целосен увид во предложените интервенции, Претседателот Давор Пашоски и даде збор на Билјана Бабиќ да ги образложи своите предлози за измени и дополнувања.

По предлозите на Билјана Бабиќ беа прифатени измени со кои дополнително се прецизира предметот на уредување на Правилникот, како и повеќе одредби што се однесуваат на условите и постапката за прием на донации и спонзорства, критериумите за прифатливост на давателите и основите за одбивање на донација или спонзорство. Исто така, беше прифатен и предлогот за воспоставување Регистар на донации и спонзорства, кој ќе се објавува на интернет-страницата на МРТ и ќе биде јавно достапен.

Понатаму Претседателот на Советот и даде збор на Маја Седрак да ги презентира своите предлози и забелешки по текстот на Предлог-правилникот.

Врз основа на предлозите доставени од Билјана Бабиќ и Маја Седрак, беа прифатени измени со кои дополнително се зајакнуваат гаранциите за програмската, уредувачката и новинарската независност на МРТ, преку прецизирање дека прифаќањето на донации и спонзорства не смее да влијае врз изборот на програмските содржини, уредувачката политика, програмската шема и одлучувањето на органите на МРТ. Воедно, беше утврдено дека донациите и спонзорствата се прифаќаат и користат исклучиво во согласност со јавниот интерес, начелата на законитост, транспарентност, отчетност, еднаков третман и спречување судир на интереси.

Дополнително, по предлозите на Маја Седрак беа прифатени повеќе измени и дополнувања со кои дополнително се прецизираат предметот и содржината на договорите за донација и спонзорство, условите и постапката за нивна реализација, како и начинот на известување, евидентирање и содржината на извештаите за користење на донациите и спонзорствата, со цел појасна примена на Правилникот, обезбедување поголема правна сигурност и транспарентност во постапувањето.

Воедно, беше прифатено и ново решение со кое се уредува постапката што претходи на склучување договор за донација или спонзорство, кое произлезе по предлог на стручните служби на МРТ, а беше дополнително доработено врз основа на сугестиите и предлозите на Маја Седрак и Билјана Бабиќ.

Следна зема збор Ивана Ефрмовски чиј предлог, беше прифатен, односно се работи за дополнување со кое листата на дејности од јавен интерес беше проширена со областа на здравството, како и со формулацијата „други активности и кампањи од јавен интерес“, со што одредбата беше дополнително усогласена со законските решенија и пошироко се дефинираше јавниот интерес што може да биде предмет на договорите за донација и спонзорство.

По изјаснувањето на Советот по сите предложени измени и дополнувања се пристапи кон утврдување на конечниот текст на Предлог-правилникот.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Констатираше дека Програмскиот совет се произнесе по сите предложени измени и дополнувања и дека прифатените предлози ќе бидат инкорпорирани во конечниот текст на Правилникот.

Претседателот Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-правилникот за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, со прифатените измени и дополнувања усвоени во текот на расправата.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет го усвои Правилникот за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 49-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството и за дадените предлози и за придонесот во донесувањето на квалитетни нормативни решенија во интерес на Македонската радио-телевизија како јавен радиодифузен сервис, со што ја затвори четириесет и деветата седница на Програмскиот совет на МРТ во 13:41 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3722/3
29.06.2026г.

_________________________

Давор Пашоски